Република Северна Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë së Veriut
AVOKATI I POPULLIT
Republic of North Macedonia
OMBUDSMAN

На **26.09.2018** година, Националниот превентивен механизам спроведе редовна ненајавена посета на Полициската станица за граничен надзор (ПС за ГН) Михајлово, чие седиште се наоѓа во Кавадарци во рамки на објектот каде што е сместен и Регионалниот центар за гранични работи Југ.

Посетата произлегува од мандатот на Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, предвиден во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нехумано или понижувачко постапување или казнување. Со Факултативниот протокол се дефинира спроведување на редовни посети на местата каде што може да се врши лишување на лица од слобода, со цел идентификување на ризици заради спречување на тортура или друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

НПМ тимот наиде на добра соработка и кооперативност од страна на службените лица вработени во Полициската станица, кои овозможија непречен пристап до сите простории и инсталации и увид во бараната документација.

При извршениот увид во службените канцеларии и останатите простории на Полициската станица, од страна на НПМ тимот беше забележан дел од елекричен кабел во службените простории на Полициската станица, која би можела да се користи за насилство или заплашување.

Во моментот на посетата, во Полициската станица имаше обрасци за признавање право на азил и адвокатски именик, односно листа на адвокати, за во случаите кога некое од лицата ќе истакне дека сака да се повика адвокат.

НПМ тимот утврди дека во ПС за ГН Михајлово се спроведуваат редовни и континуирани обуки за Стандардните оперативни процедури коишто се однесуваат на ранливи категории странци, непридужувани деца, како и за идентификување на жртви на трговија со луѓе.

Полициската станица за ГП и ГН Михајлово не е определена како полициска станица во којашто би можело да се врши задржување на лица, поради што истата и не располага со посебни простории за задржување.

Во Полициската станица воопшто не се спроведуваат лица коишто е потребно да се приведат, односно лишат од слобода или задржат, а во исклучителни ситуации кога некое лице ќе биде краткотрајно приведено во станицата, разговорите ги вршат во канцеларијата на заменик-командирот или пак, во некоја од канцелариите на инспекторите што се наоѓаат на горниот кат во рамките на истиот објект, поради тоа што Полициската станица нема посебни простории за разговор.

НПМ тимот беше информиран дека оваа Полициска станица нема капацитет и услови за задржување на лица, ниту во рамки на законски дозволените 24 часа заради вршење на гранични проверки. Оттука, видно од евиденцијата, ниту едно од лицата лишени од слобода не е задржано во самата полициска станица, туку истите веднаш, или најмногу во траење од два часа, се спроведуваат до ПС Неготино.

Не се истакнати поуки за правата на приведените и лицата лишени од слобода во просторијата на заменик-командирот каде што се врши разговор со овие лица.

Во Полициската станица нема посебни тоалети за приведените, односно лицата лишени од слобода.

Во службената канцеларија на граничниот премин, покрај Кодексот на полициска етика, на видно место беа истакнати поуките за правата на повиканите, приведените или задржаните лица на три јазици, но забелешка е тоа што овие

поуки не беа истакнати во канцеларијата на командирот, туку беа истакнати во ходникот во Полициската станица.

НПМ тимот утврди дека во оваа Полициска станица Регистрите за евиденција се водат хронолошки, не се користи коректор, а евидентна е нумеричка поврзаност на Регистарот за дневни настани со останатите регистри.

НПМ тимот при оваа посета констатираше дека полициските службеници треба да воспостават пракса на првично профилирање на затекнатите лица-странци, заради идентификување на знаци на ранливост, во согласност со Стандардните оперативни процедури. Исто така, да прекине праксата на депортирање мигранти без да се отпочне соодветна процедура за враќање на лица преку граница.

За посетата, Националниот превентивен механизам изготви Посебен извештај во кој ги констатира позитивните и негативните состојби и даде конкретни препораки до Министерството за внатрешни работи, како и до командирот на Полициската станица, со цел да се елиминираат укажаните недостатоци и да се подобрат условите и постапувањето со лицата лишени од слобода, приведените и задржаните лица.